СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

**ИЗВЕШТАЈ на прашања и одговори како и за резултатите од гласањето на 55-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје**

На 30.05.2025 година се оддржа 55-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

Согласно член 391-б од Законот за трговските друштва, во прилог објавуваме Извештај за прашања од акционерите и генерални информации за начинот на организација на седницата. На крајот од документот прикажани се табеларно и резултатите од гласањето по секоја точка.

- 55-та седница на Собранието на акционери беше организирана следејќи ги сите важечки закони и интерни политики на Банката. Сите одлуки кои се законски обврзувачки да бидат донесени на редовното Годишно Собрание на акционери беа разгледани и усвоени со доволно мнозинство.

- На седницата присуствуваа и беа претставени акционери кои претставуваат 16,599,739 обични акции, односно 95% од вкупниот број на акции со право на глас; и 28,047 приоритетни акции, односно 12% од вкупниот број на приоритетни акции. Покрај акционерите, Претседавачот, Нотарот и Бројачот на гласови, на седницата присуствуваа: а) сите членови на Управниот одбор; б) независните членови на Надзорниот одбор, проф. Владимир Филиповски и проф. Сашо Ќосев; и в) претставници на независното ревизорско друштво PricewaterhouseCoopers која ја изврши ревизијата на работењето на Банката во 2024 година, г-дин Драган Давитков, Партнер, г-дин Симе Јовановски, Сениор директор и г-ѓа Стефанија Ангелеска.

- Во однос на предлозите поднесени од акционер(и) сопственици на приоритетните акции (точка 3 од Дневниот ред):

  - Предлог за распределба на добивката на Банката за 2024 година и нераспределената добивка од претходните години, во кој ќе се предвиди износ којшто би се распределил за плаќање на дивиденда и кој ќе биде сразмерно поделен помеѓу имателите на акции;
  - Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции;
  - Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции во согласност со нивната номинална вредност,

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOBMK2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

сопственицитe на обични акции гласаа и ги одбија предлозите со доволно мнозинство, додека пак беше утврдено дека не е постигнат кворум од пријавени и претставени акционери сопственици на приоритетни акции. Поради ова, **се утврди дека НЕМА кворум за разгледување и одлучување по точка 3 од Дневниот ред на 55-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје.**

Во продолжение ги прикажуваме покренатите прашања на седницата од страна на акционерите и одговорите од службите на Банката:

**Прашање бр.1***: Колку средства остануваат расположливи за распределба за акционерите?*

Вкупната расположива добивка, вклучувајќи ги и претходните години, изнесува 138 милиони евра. На ова Собрание Банката одобри 65 милиони евра да се распределат за дивиденда на акционерите - иматели на обични акции, 60 милиони евра да бидат распределени за зголемување на капиталот, 8 милиони евра да се реинвестираат за материјални и нематеријални средства за поддржување на дејноста и 13.9 милиони евра остануваат расположливи за распределба во иднина, вклучувајќи ја и тековната добивка која ќе се генерира во текот на 2025 година.

**Прашање бр.2***: Финансиските извешати не се во согласност со регулативата на државата, ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје направил ревизија на погрешни финансиски извештаи*.

Финансиските извештаи се подготвени врз основа на применливата рамка за финансиско известување, согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување како и релевантните одредби од Законот за сметководство и Законот за банки.

Во процесот на изготвување на извештаите се применети сите релевантни сметководствени политики и интерни контроли, со цел обезбедување објективна и вистинита слика за финансиската состојба и резултатите од работењето на Банката.

Банката останува посветена на целосна соработка со ревизорот и регулаторните тела, со цел обезбедување на највисоко ниво на усогласеност и отчетност.

**Прашање бр.3:** *процентниот поен за определување дивиденда на приоритетните акции стои во одлуката од 2006 година, овој процентен поен го определува Комисија за актива и пасива на Банката, која Комисија не е орган на Собранието, и тој е идентичен од 2006 година. Тој орган може да определи и друг процент. Зошто Комисијата не го сменила процентот?*

Определувањето на дивидендата на приоритетните акции е утврдена согласно одлуките за издавање на акциите, односно гарантираната (фиксна) дивиденда на приоритетните акции се утврдува во висина на каматните стапки на депозитите на население орочени на 1 година зголемено за 1% односно за соодветен процентен поен кој се утврдува со одлука на Банката.

Банката традиционално го определува овој процентен поен на 1%, додека пак остава приносот да се определи од варијабилниот дел кој не е зависен од Банката, врз основа на движењето на каматните стапки на депозитите што пак ги отсликува пазарните движења во земјата.

Со ваквиот прудентен пристап на Банката се обезбедува предвидливост, објективност и определивост на дивидендниот принос на приоритетните акции врз основа на јасни параметри утврдени во одлуките за издавање на акциите.

Банката особено не се одлучи да го промени овој пристап во претходните години и поради тековните судски постапки покренати од дел од приоритетните акционери за овие прашања, со цел да не се превземаат дејности кои би влијаеле на перцепцијата на судовите. Банката ги доби сите судски постапки во сите инстанци.

**Сета дискусија од 55-та седница на Собранието на акционери е содржана во Записникот од седницата, објавен на веб-страницата на Банката.*

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

***Извештај од резултатите на гласањето на 55-та седница на Собранието на акционери***

| # | Назив на точка од Дневен ред | Усвоена / Неусвоена одлука | Гласови ЗА | Гласови ПРОТИВ | ВОЗДРЖАНИ гласови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор на Претседавач, Нотар и бројач на гласови | √ | 16,593,435 | 0 | 6,304 |
| 2 | Разгледување на Записникот од 50-та седница на Собранието на акционери одржана на 31 мај 2022 година | Н/А | - | - | - |
| 3.1 | Разгледување на предлози поднесени од акционерите: Предлог за учество во пропорционална распределба на добивката за обичните акционери | Одбиен од обичните акционери; Нема кворум од приоритетните акционери | - | - | - |
| 3.2 | Разгледување на предлози поднесени од акционерите: Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции поднесен од имател на приоритетни акции; | Одбиен од обичните акционери; Нема кворум од приоритетните акционери | - | - | - |
| 3.3 | Разгледување на предлози поднесени од акционерите: Предлог за конверзија на приоритетни акции во обични акции поднесен од имател на приоритетни акции | Одбиен од обичните акционери; Нема кворум од приоритетните акционери | | | |
| 4 | Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје | √ | 16,582,371 | 0 | 17,368 |
| 5 | Утврдување на пречистен текст на Статут на Стопанска банка АД – Скопје | √ | 16,582,371 | 0 | 17,368 |
| 6 | Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година | √ | 16,583,871 | 0 | 15,868 |

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOBMK2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Донесување на Одлука за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година | √ | 16,584,845 | 0 | 14,894 |
| 8 | Разгледување и усвојување на Финансиските Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,582,421 | 0 | 17,318 |
| 9 | Разгледување и усвојување на Консолидирани Финансиски Извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за 2024 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,582,371 | 0 | 17,368 |
| 10 | Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД - Скопје во 2024 година со писмено мислење од Надзорниот одбор | √ | 16,582,315 | 0 | 17,424 |
| 11 | Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2024 година | √ | 16,572,789 | 0 | 26,950 |
| 12 | Донесување Одлука за прераспределба на дел од акумулирана добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите | √ | 16,583,345 | - | 16,394 |
| 13 | Донесување Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите | √ | 16,586,325 | - | 13,414 |
| 14 | Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2024 година | √ | 16,583,815 | - | 15,924 |
| 15 | Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на обичните акции | √ | 16,594,839 | - | 4,900 |
| 16 | Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година | √ | 16,579,365 | - | 20,374 |
| 17 | Донесување Одлука за поединечно оодбрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и членовите на Управниот одбор за 2024 година | √ | 16,595,889 | | 3,850 |
| 18 | Донесување Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2025 година | √ | 16,583,815 | | 15,924 |

***17.460.180*** *- вкупен број на обични акции на СБ;* ***227.444*** *- вкупен број на приоритетни акции на СБ*
***16.599.739*** *- вкупен број на обични акции присутни и претставени на седницата;* ***28.047****- вкупен број на приоритетни акции присутни и претставени на седницата*

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOBMK2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk